# НАПРАВИВМЕ ПРОЕКТ ЗА ГРАД СРЕДЕ ПУСТИНА

**Архитектонската фирма „Радо инженеринг“, зад која стои еден од најдокажаните македонски архитекти, Ѓоко Радовановиќ и неговиот млад тим на архитекти, добија покана да земат учество на големиот конкурс за изградба на туристичкиот град Ал Факит, во близина на Абу Даби во Емиратите. За изградба на новиот град, со површина од 1 милион и 57 илјади квадратни метри, се поканети 18 архитектонски фирми од целиот свет. Благодарејќи на фантастичните архитектонски решенија, „Радо инженеринг“ е веќе влезен во потесниот круг на шест фирми, од кои за девет месеци ќе бидат избрани три што ќе го изградат Ал Факит, градот среде пустина и на крајбрежјето, кој треба да биде зелен град. Целиот проект ќе чини речиси две милијарди долари**



Идејното решение на мултинаменскиот простор во Дубаи благодарение на кое Радовановиќ беше ангажиран за нов проект за Емиратите



■ **Вашата архитектонска фирма „Радо инженеринг“ минатата година направи проект за Дубаи, благодарејќи на кој подоцна бевте повикани да конкурирате во целокупната изградба на туристичкиот град Ал Факит, во близина на градот Абу Даби...**

● На почетокот на 2008 година, во договор со тогаш новодојдениот во нашата фирма, младиот архитект Никола Стрезовски, одлучивме да ја промениме вообичаената приказна во која инвеститорот бара проектант, во нов однос во кој ние би изработиле проект кој ќе бара инвеститор. За локација го избравме Дубаи, поаѓајќи од идејата дека „тој што се подготвува да го освои Монт Еверест можеби нема да успее во намерата, но Мон Блан ќе го освои без проблем“. Го пласиравме проектот на Интернет и така сè започна.

■ **Како се одвиваше приказната со** ►



Централна зона, Ал Факит (Абу Даби)



Ентериерот на угостителско-туристичкиот мултинаменски простор во Дубаи, 2008



Хотел и апартмани за живеење, Ал Факит (Абу Даби)

**туристичкиот град Ал Факит? Кој Ве повика на конкурсот и кои беа барањата за изработка на овој проект?**

● Добивме покана од локална консултантска фирма за регионот на Абу Даби, со понуда да учествуваме во изработката на туристичкиот град Ал Факит, кој се наоѓа во непосредна близина на Абу Даби и е со површина од 1 милион и 57 илјади квадратни метри. На почетокот беше само барањето проектот да биде за туристички град среде пустина и на крајбрежјето, со информацијата дека финансиски нема лимит за проекцијата и дека тоа треба да биде зелен град. Го прифативме предизвикот и донесовме одлука дека не е важно само да учествуваш, туку е важно и да победиш! Ова беше императивно стратешка одлука, а сè друго беше техничка реализација. Сакавме да ја искористиме секоја средина дадена на располагање, па така имаме објекти кои се на и под земја, на и во песокот, во вода, но и под нивото на водата, фактички сето тоа да функционира како еден систем и пустината да се претвори во оаза, со што ќе се промени и микроклимата. Самата геометрија на локацијата повлекуваше оска на сообраќајот, главната аксијала на развивањето на урбанизмот, но со ориентација на објектите кон морето. Она што како архитектура го оформивме се потпира на постулатите на сегашниот тренд, а тоа е архитектурата да произлегува од сегашните барања за самодоволност и во себе да го содржи степенот на сензација, но истовремено да биде прифатлив и за локалните жители и за посетителите од целиот свет.

**Покрај широките сообраќајници украсени со палми, водени канали и фонтани, предвидено е и електромагнетно возило кое секои 10 минути поминува од едниот до другиот крај на градот. Тоа ќе застанува во центарот на градот и бесплатно ќе превезува патници, а со тоа исто така ќе придонесе во спречување на загадувањето**

■ **Повикани се 18 фирми од целиот свет, меѓу кои и Вие, да земат учество во конкурсот од кој подоцна би се избрале само три фирми што би го создавале Ал Факит. Вие успеавте да влезете во потесен круг меѓу шест фирми. Што е тоа што Ве издвои и Ви овозможи влез во вториот круг?**

● Покрај архитектурата, повикавме на помош пријатели-експерти, кои се најстручни во областа на искористување на обновлива енергија, па така на најбогатите им понудивме град кој би функционирал според стандардите востановени со Протоколот од Кјото - намалување на емисијата на штетни гасови, спречување на ефектот на стаклена градина, а со тоа и самодоволност, искористување на алтернативните извори на енергија, реупотребливост, рециклирање, а притоа да не го користат сегашниот потенцијал на нафтата, која тие ја имаат како извор на енергија, а што само по себе ќе произведе архитектура која ние би сакале да ја застапуваме. На тој начин поми-



## НА МАЈКА ТЕРЕЗА НЕ Ѝ ТРЕБА ЛАЖЕН СЈАЈ

■ **Кое е Вашето мислење за новите архитектонски градби, како куќата на Мајка Тереза, на пример, која изминатиов период предизвика многу полемики и контроверзии?**

● Тоа што сакаш да го направиш чесно и искрено, не е доволно за да го постигнеш крајниот резултат. Сметам дека постулатите на кои е проектиран и изведен објектот се дијаметрално спротивни со личноста и делото на Мајка Тереза. Тоа ме потсетува на желбата со големината и цената на златниот крст што го носите околу вратот да сакате да го докажете степенот на религиозност. Но, кога прв пат ќе видам некој од оние на кои Мајка Тереза им го посветила својот живот да се доближи до објектот, а не пак да се качи по скалилата што би било невозможно физички (а и зошто би се качил?), тогаш ќе си потврдам дека не сум во право, затоа што Мајка Тереза е симбол на заштита и топлина и не ѝ треба лажен сјај.

■ **Вашето мислење за идејните решенија на споменикот на Александар Македонски на плоштадот „Македонија" од кој ќе свири музиката на Тоше?**

● Се надевам дека е тоа виц за комбинација на Александар Македонски и песните на Тоше Проески, а ако е тоа вистина, тогаш треба да се воведе и „скара на кило" за да приказната биде целосна. За информација, кога Леонардо да Винчи го правеше коњаничкиот споменик на миланскиот војвода Сфорца, тој тогаш направил цела книга за анатомијата на коњот. И не го извел во бронза, затоа што не бил задоволен од начинот на кој толкав споменик требало да се реализира, а тој бил и многу помал од оној што ние би го имале. Теоретски не е невозможно да го имаме авторот кој може да реши таков проблем и досега никој во Македонија нема ништо слично изведено. Меѓутоа, кај нас сè е возможно.

■ **А што предлагате Вие за оваа фонтана и споменик?**

● Предноста на ваквите споменици што се прават од бронза е иако се излиени, секогаш може да се претопат и да се направи нов споменик. Шега на страна, на местото на овдешната страна веќе постои проект за фонтана, која е компилација на скулптурата на еден од водечките, ако не и најдобриот македонски вајар - Петар Хаџи Бошков, чиј обелиск со димензии 1,5x9 метри е како модел изведен и подготвен за лиење, а треба да биде во центарот на фонтаната, која е мозаички обработена со мотивите од исто така врвниот македонски сликар Димитар Кондовски. Таквите имиња и таквата реализација имаат место каде било на европските плоштади, а сигурно и дефинитивно, во Скопје заслужуваат да се најдат на плоштадот „Македонија". Тој е мојот личен став, но не значи дека е единствено исправен иако не слушнав ни еден респектабилен став од личности кои би требало да се изјаснат и кои би ме убедиле дека не сум во право.





Спортско-рекреативен центар за спортови на вода и вештачки снег

„Еден од објектите е Спортско-рекреативниот центар за спортови на вода и вештачки снег. Во делот за зимските спортови постои подземна 300-метарска патека за скијање, која ќе ве донесе до самото море и до коралниот гребен, каде има огромен аквариум кој претставува единствена можност скијајќи да стигнете до морскиот корален гребен и аквариумите преполни со чудесен жив свет и траги од потопени бродови. Жичницата безбедно ќе ве врати на почетокот на патеката, а таму може да се качувате на вештачката карпа за алпинистичко искачување. Во делот за водени спортови има вештачко езеро со бранови за сурфање и кањон за кајак на брзи води"




Ѓоко Радовановиќ и младиот архитект од неговиот тим, Никола Стрезовски



Соравија ресорт Скопје, објект во фаза на реализација

навме два круга во архитектонската операција „Триумф" и да се надеваме на сериозен ангажман во следниот круг.

■ **По што се разликува Вашиот проект од останатите? Имате ли увид што направиле другите?**

● Не сме запознати со проектите на другите конкуренти, меѓутоа за проектов да не остане на чиста техника, моравме да направиме и атрактивна архитектура. Направивме поединечни сегменти, кои функционираат како самостојни квалитетни дела, а сепак сите прават една кохерентна и атрактивна целина на објекти, кои комуницираат едни со други. Ние сме во група со тие што поминале во вториот круг, а што направиле или не направиле конкурентите - не знаеме.

■ **Што е спецификата на објектите предвидени во Вашиот проект?**

● Еден од објектите е Спортско-рекреативниот центар за спортови на вода и вештачки снег. Во делот за зимските спортови постои подземна 300-метарска патека за скијање, која ќе ве донесе до самото море и до коралниот гребен, каде има огромен аквариум, кој претставува единствена можност скијајќи да стигнете до морскиот корален гребен и аквариумите преполни со чудесен жив свет и со траги од потопени бродови, при што жичницата безбедно ќе ве врати на почетокот на патеката, а таму може да се качувате и на вештачката карпа за алпинистичко искачување. Во делот за водени спортови предвидени се вештачко езеро со бранови за сурфање и кањон за кајак на брзи води. Потоа ќе се истуширате, ќе испиете освежувачки коктел и ќе се вратите во хотелот каде од вашата соба ќе имате поглед на целиот залив, зелените појаси и пустина. Зоната на домување е поделена на зона за индивидуално домување во повеќе семејни згради, индивидуално домување во луксузни куќи со дворови третирани во локален стил и зона со суперлуксузни крајбрежни куќи во морето до кои се стигнува со автомобил, со јахта или со хеликоптер. Покрај широките сообраќајници украсени со палми, водени канали и фонтани, предвидено е и електромагнетно возило кое на секои 10 минути поминува од едниот до другиот крај на градот. Тоа ќе застанува во центарот на градот и бесплатно ќе превезува патници, а со тоа, исто така, ќе придонесе во спречување на загадувањето.

## ШТО БИ ПРОМЕНИЛ ВО СКОПЈЕ?

- За еден град да се развива правилно и квалитетно, треба квалитетен урбанистички постулат, потврден, дефиниран и неподложен на секојдневни промени. Потребно е во исто време на истиот проблем да работат и квалитетни инвеститори и квалитетни проектанти. Во овој момент не сум сигурен ни во едните ни во другите. Ако поставите погрешно прашање, не можете да добиете точен одговор без разлика на добрата желба и знаење да се одговори на тоа прашање. Ни Микеланџело не би бил Микеланџело без папата Јулие Втори, ниту би го запаметил некој папата без Микеланџело, а ниту би постоела Сикстинската капела без нив двајца. Во секој случај, во ова време треба да се даваат одговори од автори кои се око, уво и срце на својата епоха и кои мислат со јазикот на ова време. Желбата да се ретушира историјата и да создаваш на начин на кој твореле нашите предци, ќе нè спречи да ја создадеме историјата за нашите потомци. Отворете интернет, погледнете што прави, ако не светот тогаш најблиските соседи и ќе видите дека сме автентични и оригинални во својот заборавен простор. Пред 25 години со Мирко Станковиќ правевме проект за уривање на некои елементи од Скопје, со цел градот да биде поубав и поблизок на луѓето. Имавме фаворити објекти кои би требало да се урнат, но во овој момент конкуренцијата е многу силна, така што сам не би се осмелил да донесувам одлуки. Но, затоа што сум и јас виновен за состојбата во Скопје со тоа што чинев или не чинев за градот, барам прошка, а и човечки е да се простува.

■ **Колку би чинела реализацијата на Вашиот проект?**

● Вредноста на целиот проект би изнесувала помеѓу една милијарда и осумстотини милиони и две милијарди долари.

■ **Што ќе се случи доколку влезете да го работите проектот?**

● Проектот го правевме за да влеземе во неговата реализација, свесни дека тоа не можеме да го изведеме сами, ниту со досегашните пријатели со кои и понатаму планираме да ја продолжиме соработката на овој проект. Но, секако би воспоставиле партнерски однос со некоја од локалните архитектонски фирми во Абу Даби, кои високо котираат и имаат искуство и знаење во реализација на таков вид проекти, коишто објективно ниту ние, ниту нашите пријатели не можеме да ги изведеме, но тоа е и начинот на кој функционираат сите проектантски бироа што работат за тој регион.

■ **Кога ќе дознаете дали сте влезете меѓу трите избрани фирми?**

● Тоа би се дознало во наредните девет месеци.

■ **Вашиот проект дејствува толку футуристички, што лаички гледано изгледа дека е неизводливо да се изведе. Или во Емиратите ништо не е неизводливо?**

● Сè што е денес футуризам, утре е сегашност. Тоа што го проектираме се заснова на извесни можни параметри, така што и многу покомплицирани проекти се изведувале кај нив, можеби не сите заедно на исто место, но секако денес тие располагаат со искуство, знаење и капитал за овој футуризам да стане реалност.

■ **Во меѓувреме додека чекате одговор од Емиратите, на кои проекти работите во Скопје?**

● Во овој момент се завршуваат проектите за Соравија ресорт, резиденцијалната населба на Водно за која добивме прва награда на повикан меѓународен конкурс и чија изградба ќе почне во најскоро време. Исто така работиме на проектот за ентериер на Музејот на холокаустот во Скопје, учествуваме во доуредувањето на фабриката на „Рио кафе" во Скопје и анализираме нови пазари. Всушност, можете да ја погледнете нашата веб-страница www.rado.com.mk на која имате подетални информации.

Ивана Тасев